Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 06.04 .2023 година, донесе

Одлука
за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани, ОУ„Никола Карев“-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков“- Оризари, ОУ„Малина Попиванова“- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев“-Кочани

I.

Со оваа одлука се уредува начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани, ОУ„Никола Карев“-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков“- Оризари и ОУ„Малина Попиванова“- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев“-Кочани и се утврдуваат почетните цени за користење на салите кои цени ќе бидат основ за спроведување постапки за јавно наддавање по термини на користење.

II.

„За користење на салата во ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани, ОУ„Никола Карев“-Кочани и ОУ„Крсте П. Мисирков“- Оризари , заинтересираните корисници ќе плаќаат надоместок во следните износи:
1.Спортските здруженија (клубови):
- по завршување на наставата во училиштата - 520,00 денари- почетна цена.
- во деновите на викенд - 520,00 денари- почетна цена.
2.Група рекреативци:
- по завршување на наставата во училиштата - 520,00 денари- фиксна цена.
- во деновите на викенд - 650,00 денари фиксна цена.
- сауна- 300,00 денари- фиксна цена..
3.ОУ „Св. Кирил и Методиј“, ОУ„Никола Карев“-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков“- Оризари и Сојузот на училишните спортови се ослободуваат од плаќање надоместок.
Надоместокот за користење на Салите за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.
Изнајмувањето на спортските сала за други манифестации ќе се врши по цена од 6. 500,00 денари од настап- фиксна цена..
Изнајмувањето на Спортските сала за одигрување на натпревари надвор од лига од страна на клубовите ќе се врши по цена :
- до 1 час - 650,00 денари- фиксна цена.
- за секој нареден час уште по 650,00 денари- фиксна цена.

III.

За користење на салата во ОУ„Малина Попиванова“- заинтересираните корисници ќе плаќаат надоместок во следните износи:
. Спортските здруженија (клубови):
- по завршување на наставата во училиштата - 3250,00 денари- почетна цена.
- во деновите на викенд - 325,00 денари- почетна цена.
2. Група рекреативци:
- по завршување на наставата во училиштата - 520,00 денари- фиксна цена.
- во деновите на викенд - 650,00 денари -фиксна цена.
3. ОУ „Малина Попиванова“ – Кочани и Сојузот на училишните спортови се ослободуваат од плаќање надоместок“.

Надоместокот за користење на Салите за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.
Изнајмувањето на спортските сала за други манифестации ќе се врши по цена од 6.500,00 денари од настап- фиксна цена.

Изнајмувањето на Спортските сала за одигрување на натпревари надвор од лига од страна на клубовите ќе се врши по цена :
- до 1 час - 650,00 денари- фиксна цена.
- за секој нареден час уште по 650,00 денари- фиксна цена.

IV.

За користење на салата во СОУ„Гошо Викентиев"-Кочани, заинтересираните корисници ќе плаќаат надоместок во следните износи:

1.Спортските здруженија (клубови):
- по завршување на наставата во училиштата – 520,00 денари- почетна цена..
- во деновите на викенд – 520,00 денари- почетна цена.
2.Група рекреативци:
- по завршување на наставата во училиштата – 520,00 денари- фиксна цена.
- во деновите на викенд – 650,00 денари- фиксна цена.
3. СОУ„Гошо Викентиев" – Кочани и Сојузот на училишните спортови се ослободуваат од плаќање надоместок.
Надоместокот за користење на Салите утврден во точка 1 од овој Ценовник за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.
Изнајмувањето на спортските сала за други манифестации ќе се врши по цена од 5. 000,00 денари од настап- фиксна цена..
Изнајмувањето на Спортските сала за одигрување на натпревари надвор од лига од страна на клубовите ќе се врши по цена :
- до 1 час – 650,00 денари- фиксна цена.
- за секој нареден час уште по 650,00 денари- фиксна цена..

V.

Спортските манифестации со хуманитарен карактер се ослободуваат од надоместок.

VI.

Јавното наддавање општинските основни и средни училишта го спроведуваат во месец август и заинтересираните корисници ќе можат да ги користат салите до 30 мај наредната година.

VII.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат:
-Ценовникот за користење на салите во градот Кочани дадени на користење и управување на ОУ„Св.Кирил и Методиј"- Кочани, ОУ„Никола Карев"- Кочани и ОУ„Крсте Петков Мисирков" с.Оризари – Кочани („службен гласник на Општина Кочани" бр.07/2013, 11/2016 и 13/2022)
-Ценовникот за користење на салата во СОУ„Гошо Викентиев"- Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.15/2018) и
- Ценовникот за користење на салата во ОУ„Малина Попиванова"- Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.11/2018).

VIII.

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани",.

Бр.09-819/1 Претседател

06.04..2023 година на Советот на Општина Кочани,

К о ч а н и Лазо Митев